Невозможно е во еден ваков приказ ни да се набројат, а уште помалку да се разгледаат сите овие бројни и значајни прашања и проблеми што Ф. П. ги поставила и ги решавала додека дошла до овие резултати. Сепак би укажала дека тука се проучени една низа комплексни прашања: за војската и вооружувањето, за појавата и употребата на парите кај некои од овие племиња, за односот на различните категории на населението (кај Дарданците), за начинот на живеење (подвижноста, која е карактеристичен белег за попримитивните — номадски и полуномадски заедници) и видови живеалишта (кај поиздигнатите општества); овие и сите одделно, а особено проучени компаративно, можат да дадат доста верни податоци за да се создаде слика на даденото општество. Од посебен интерес за читателите на оваа монографија ќе бидат резултатите до кои Ф. П. дошла испитувајќи ги обичаите и верувањата на среднобалканските племиња.

Ф. П. укажува на значењето на надворешниот фактор — допирот со грчко-македонскиот свет и неговото влијание на општествено-економскиот и политичкиот развиток на среднобалканските племиња.

Завршувајќи го овој приказ би заклучила дека книгата на Ф. П. импонира како со својот обем, односно широчината на зафатот, така и со неговата длабочина, со сериозен пристап кон решавање на множеството проблеми, со својата акрибија и со детално и критичко претресување на сите извори и литература. Техничката страна на книгата, со минимални печатни грешки, е исто така на завидна висина. И покрај тоа што е напишана на највисок научен ниво, прекрасниот стил и луцидноста на мислата ја прават оваа монографија достапна и за поширок круг луѓе, а не само за тесни специјалисти.

Југословенската историографија и овој пат, од перото на Ф. П. се здоби со еден значаен труд кој, секако, ќе претставува темел за проучувањето на античката историја на нашата земја. Вредноста на ова дело потврдена е, впрочем, и со признанието што му е доделено — Октомвриската награда за 1970 г.

**Д. П.**

**Д-р Александар Матковски — ГРБОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, Скопје, 1970, 219**

Во издание на Заедницата за издавачка дејност при НИП „Нова Македонија" и Институтот за национална историја — Скопје, излезе гореспоменатата книга, која претставува прв прилог кон македонската хералдика. Иако тематиката на оваа книга е од доменот на една помошно-историска наука, историските заклучоци кои произлегуваат од научната анализа на оваа материја, претставуваат значаен придонес за македонската историографија и афирмација на македонската посебност, бидејќи 400-годишното постоење на македонскиот земски грб на симболичен начин ја изразувал оваа посебност на македонскиот народ и територијата на која тој живеел.

Книгава, иако третира проблематика наменета на потесен круг

луѓе, сепак таа ќе биде интересна не само на историчарот и политичарот туку и на секој наш човек, кој барем малку се интересира за минатото на својот народ. Посебно значење книгава има за студентите, коишто студираат историја. Ним им дава знаења од општата, а сосема нови од македонската хералдика, којашто се учи во склопот на предметот помошни историски науки.

Првиот дел од книгата — **Стариот земски грб на Македонија** има четири глави.

Во првата глава — **Општи познавања од хералдиката** авторот на 21 страници, дава општи податоци за: појавата, развитокот и целта на хералдиката; појавата и ширењето на грбот, што е грб, блазонирање; поделба на грбовите и делови на грбот. Тука се дадени и податоци за развитокот на хералдиката како наука во Европа, а посебно внимание е посветено на нејзиниот развиток во југословенските земји од крајот на XVI век, со појавата на првите грбовници во Босна и Хрватска, сѐ до денес.

Во втората глава — **Зошто, каде, и кога се појавил македонскиот грб?** авторот одговара, најпрвин на прашањето: — Дали балканските народи имале државни или земски грбови до доаѓањето на Турците? Потоа, зборува за појавата на лавот како амблем на македонскиот земски грб поврзувајќи ја истата со импортираните ткаенини од Исток. Појавата на македонскиот грб авторот ја поврзува со грбовникот направен по порачка на Петар Охмучевиќ. Овој грбовник, чиј оригинал уште не е најден, бил направен според сите хералдички правила и послужил како основа за подоцнежните грбовници. Тука се појавил и фиктивниот земски грб на Македонија како доказ за владеењето на Хреља Охмучевиќ над Македонија, чиј потомок сакал да се покаже Петар. Без оглед на побудите на Петар (тој со овој грбовник и други документи сакал да докаже дека потекнува од големо благородничко семејство со цел да му се признае тоа од шпанскиот двор), авторот се приклонува кон теоријата дека не е сѐ измислено кај него,

Во подглавата — **Илирска идеја, панјужнословенизмот, панславизмот и појавата на македонскиот грб** се сликани атмосферата и приликите во југословенските земји во склопот на општите движења на Хуманизмот и Ренесансата. Во препородувањето на античките вредности се препородува и името Македонија, но со словенски карактер и македонски грб.

Третата глава — **Македонскиот грб во хералдичките извори** претставува основен дел на книгата. Во 89 страници се дадени 30 хералдички извори (грбовници, стематографии, истории, печати, знамиња и друго), во кои се наоѓа македонскиот грб.

За секој од овие извори се дадени податоци: како е најден, каде се чува и досегашното научно проучување на истиот. Опширно се опишани македонските грбови во нив, било да се тие поединачни или во склопот на заедничките грбови на југословенските народи. Истакнувани се нивните карактеристики и разлики на еден споредбен начин. На пример, давајќи податоци за ракописната стематографија на П. Р. Витезовиќ од 1694 година, авторот ја утврдува, по грешка, направената замена од Витезовиќ на бугарскиот и македонскиот земски грб. Грешката се состои во тоа што македон-

скиот земски грб е претставен со исправен црвен лав на жолто поле, како што порано се претставувал бугарскиот земски грб, а не со исправен жолт лав на црвено поле, како што се претставувал македонскиот земски грб во поранешните хералдички извори. Оваа грешка ќе се провлекува во сите грбовници и други хералдички извори, кои ќе ја користат стематографијата на П. Р. Витезовиќ како примерок.

Ликовно сите грбови се дадени како што се во оригиналните хералдички извори. Изворите пак се дадени по ред врз основа на нивното хронолошко настанување, почнувајќи со грбовникот на Корениќ-Неориќ од 1595 година и завршувајќи со државниот грб на СР Македонија.

На крајот од оваа глава под наслов — **Каде постојат можности да се пронајдат и други македонски земски грбови?** — авторот несебично и во интерес на македонската историографија, упатува на научни установи (архиви, библиотеки, галерии и друго) во кои е можно да се најдат и други македонски земски грбови.

Во четвртата глава — **Хералдичка анализа на македонскиот земски грб** авторот ги анализира хералдичките елементи на македонскиот земски грб укажувајќи на особеностите и разликите на овој грб во разните хералдички извори.

На крајот од оваа глава авторот, врз основа на научните истражувања и анализи презентирани во оваа книга, пишува: „Да заклучиме дека македонскиот земски грб, од неговата појава во 1595 год. до XX век е употребуван во илириските грбовници, во печатените стематографии, истории и хералдички трудови, на воени и востанички знамиња, се зографирал по цркви и манастири, се ставал на печати и документи, како во Македонија така и надвор од неа што значи дека бил во употреба околу 400 години и тоа само со единствена цел — со него хералдички да се означи народот и територијата на која што тој живеел — Македонија.“ (стр. 172)

Вториот дел од книгава — **Други македонски грбови** — има две глави: I. **Семејни македонски грбови** и II. **Грбот на „Македонскій гусарскій полевий полкъ“.**

Во првата глава се дадени општи податоци и оценки за можноста на постоењето семејни македонски грбови. Потоа следат податоци за неколку семејства од Македонија, кои од разни причини, а најмногу по австроунгарските војни, дошле северно од Дунав и станале познати во австриската монархија. Добивајќи благороднички титули стекнуваа и можности за поседување семеен грб и печат.

Во втората глава се зборува за формирањето на посебни полкови од наши луѓе во склопот на руската војска во II половина на XVIII век, кога нашите луѓе веќе ја изгубиле надежта дека Австрија ќе им помогне да се ослободат од турскиот јарем. Овие полкови, меѓу кои од 1759 год. постоел и чисто македонски, имале свои знамиња со амблеми.

Книгата на крајот има и резиме на германски и англиски јазик.

За техничката опременост и естетското обликување на книгата може да се каже сè најубаво. И покрај фактот што самата материја што се третира во неа бара посебно внимание и квалитетен печа-

тарски материјал, очигледни се настојувањата на издавачите да достигнат максимум во таа смисла. Презентираниот ликовен материјал е многу богат и е даден во 99 слики од кои во боја има: 13 поединечни земски грбови на Македонија, 12 заеднички грбови на југословенските народи и 2 семејна грба. Во црнобела техника има: 9 поединечни земски грбови на Македонија, 15 заеднички грбови на југословенските народи и 4 семејна грба. Има 14 слики на разни предмети во кои е претставен македонскиот грб или неговиот амблем лавот и 30 слики, кои претставуваат разни цртежи поврзани со хералдиката, а најмногу од нив се однесуваат на македонската хералдика. **Х. М.**

**Димитар Влахов — МЕМОАРИ**
**Заедница за издавачка дејност при НИП „Нова Македонија" — Скопје, 1970 година, 370**

За одбележување е излегувањето на една нова книга која припаѓа на мемоарската литература, мошне ретка кај нас.

Предговор на „Мемоарите" дадоа Ванѓа и Коле Чашуле, кои се воедно и редактори. Во овој нивен предговор, кој носи наслов „Записи кон „Спомените" е даден ликот на револуционерот во нашето револуционерно минато, неговите идеи, борбата и искушенијата. Исто така дадени се и карактеристики на спомените воопшто, кои во никој случај не ќе можат да бидат сосема „објективистичка слика за животот, за настаните и за личностите што се градители и големи актери во тие настани".

Кон „Мемоарите" свој предговор (стр. 1—5) напишал и самиот автор. Тој е всушност мало објаснување за самите мемоари, за нивната содржина. пишувани од авторот после неговото 55-годишно политичко-општествено дејствување и публицистичка дејност. Ја изнесува и својата радост што ја дочекал слободата на македонскиот народ, што живее во слободна Македонија, но отворено искажувајќи го и своето жалење што таа слобода ја дочека само еден дел од Македонија.

Иако „Мемоарите" се, пред сè, запишување на своите лични доживувања и давање карактеристика и толкување на личностите и настаните од свој личен аспект, тие содржат и доста историски факти, расветлување на доста настани од времето и средината во која се движел авторот.

Дотолку повеќе „Мемоарите" на Димитар Влахов се од голема вредност за нашата историја, што тој е еден од ретките наши доследни македонски револуционери, чија што активност како политичка, така и општествена и публицистичка, траела мошне долго. Тој живееше и работеше во времето, кога беше најтешко да се најде правилниот пат за македонското национално револуционерно ослободително движење. Тоа беа тешките моменти по Илинденското востание, во Балканските војни, во Првата светска војна, а особено по неа, кога авторот ја разви својата најплодна политичка дејност.

Тоа беше времето кога Димитар Влахов остана доследен на органи-